Република Северна Македонија
Министерство за труд
и социјална политика
Државен инспекторат за труд

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Punës
dhe Politikës Sociale
Inspektorati shtetëror i punës

Архивски број: 04-1537/10

18.04.2024 година

Скопје

# ЗАПИСНИК

## За спроведениот практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор

Согласно член 43 од Закон за инспекциски надзор („Сл.весник на РСМ" бр.102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор („Сл.весник на РСМ" бр.238/19) на ден 18.04.2024 година , со почеток во 13 ,00 часот, во службените простории на Државниот инспекторат за труд-Скопје на ул Булевар Партизански одреди број 48а-Скопје, пред Комисијата за спроведување на практичен дел од испитот за инспектор, формирана од Директорот на Државен инспекторат за труд со архивски број 04-1537/9 од 09.04.2024 година се спроведе практичен дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор.

Комисијата во состав:

1. Славица Мијајлеска - ментор на кандидатот

2.Јован Јовановски – помошник главен инспектор

3.Александра Билбилоска - советник инспектор

4.Игор Вељаноски-претставник од Инспекциски совет

Кандидатот за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е Газаљ Јусуфи кандидат за инспектор, вработен во Државен

инспекторат за труд на кого беше дадена симулација на вонреден инспекциски надзор согласно Закон за инспекциски надзор и Законот за работни односи.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор („Сл.весник на РСМ" бр.238/19), при што кандидадот за инспектор Газаљ Јусуфи симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвување на акти, затворање и документирање на инспекцискиот надзор.

Со презентирањето на симулираниот инспекциски вонреден надзор од страна на кандидадот Газаљ Јусуфи, Комисијата ги утврди освоените бодови согласно чек листа која е составен дел на овој записник, и тоа:

- Планирање и подготовка на инспекциски надзор - 15 бодови
- Спроведување на инспекциски надзор - 29 бодови
- Затворање на инспекциски надзор - 29 бодови
- Документирање на инспекциски надзор - 15 бодови

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор освои вкупно 88 бодови, со што го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Полагањето на практичниот дел за испитот се реализираше во време:

-Почеток во 13,00 часот на ден 18.04.2024 година.

-Завршување во 16,00 часот на ден 18.04.2024 година.

Комисија за полагање на

Практичниот дел од испитот

1. Славица Мијајлеска - ментор на кандидатот

2.Јован Јовановски – помошник главен инспектор

3.Александра Билбилоска - советник инспектор

4.Игор Вељаноски-претставник од Инспекциски совет

Архивски број 04-1537/11
Скопје, 18.04.2024 година

# ИЗВЕШТАЈ

За реализиран практичен дел од испитот за стекнување лиценца за инспектор

На ден 18.04.2024 година со почеток од 13,00 до 16,00 часот, во службените простории на Државниот инспекторат за труд-Скопје, се спроведе практичен дел од испитот за проверка на оспособеноста на кандидатот за инспектор:

Газаљ Јусуфи - помлад инспектор од областа на работните односи лоцирано во Прилеп, во одделение за инсекциски надзор од областа на работните односи, Регион 9, Сектор За инспекциски надзор од областа на работните односи во Државниот инспекторат за труд.

Испитот се спроведе од страна на Комисијата за спроведување на практичниот дел од испитот за инспектор формирана со Решение со архивски број 04-1537/9 од 09.04.2024 година, донесено од страна на Директорот на Државниот инспекторат за труд.

Со Записник број: 04-1537/10д 18.04.2024 година, констатирано е дека кандидадт за инспектор:
Газаљ Јусуфи - помлад инспектор од областа на работните односи лоцирано во Прилеп, во одделение за инсекциски надзор од областа на работните односи, Регион 9, Сектор За инспекциски надзор од областа на работните односи во Државниот инспекторат за труд, го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени 88 бодови.

Прилог:

Решение за формирање на Комисија за полагање на практичниот испит со Архивски број:04-1362/3 од 09.04.2024 година.

Записник за спроведен практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со Архивски број: 04-1537/10 од 18.04.2024 година.

Ментор на кандидатот:
Виш инспектор по РО
Славица Мијајлеска

Доставено до:
Именуваниот
Архива
Одделение за управување со човечки ресурси
Инспекциски совет